**Уп. Бр. 08-72/2024**

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Нерегелиа Трејдинг Лимитед, со регистрирано седиште на Грива Дигени, зграда Панајидес 2/3, 3030 Лимасол, Кипар, преку адвокат Андреа Лазаревска од Скопје, на седницата одржана на ден 17.06.2024 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Нерегелиа Трејдинг Лимитед, со регистрирано седиште на Грива Дигени, зграда Панајидес 2/3, 3030 Лимасол, Кипар ќе стекне контрола врз Нелт Л.Л.Ц., со регистрирано седиште на улица Азиз Абраши, Индустриска зона, Приштина, Косово, по пат на стекнување на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 04.04.2024 година, а дополнето на 21.05.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Нерегелиа Трејдинг Лимитед, со регистрирано седиште на Грива Дигени, зграда Панајидес 2/3, 3030 Лимасол, Кипар, со која Нерегелиа Трејдинг Лимитед, има намера да стекне единствена контрола врз Нелт Л.Л.Ц., со регистрирано седиште на улица Азиз Абраши, Индустриска зона, Приштина, Косово, по пат на стекнување на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија**:

Нерегелиа Трејдинг Лимитед е матично друштво на групата на компании Нелт Л.Л.Ц., ("Групација НЕЛТ").

Групацијата НЕЛТ започна со работа во 1992 година во трговијата. Денес, Групацијата НЕЛТ е активна на 11 пазари во регионот на Југоисточна Европа и Субсахарска Африка и има околу 4.000 вработени.

Групацијата НЕЛТ обезбедува интегрирани услуги за дистрибуција и логистика на своите домашни и меѓународни клиенти преку мрежа на дистрибутивни центри и оперативна поддршка во секоја земја во која е активна.

Во Северна Македонија, Групацијата НЕЛТ е присутна преку своите три претпријатија-ќерки:

Нелт СТ ДООЕЛ, со регистрирано седиште на Илинден бр. 32 бр. 20, Скопје, кое е дистрибутер на неколку познати трговски марки за територијата на Северна Македонија, кои сега главно ги опфаќаат производите за широка потрошувачка и производите за домашна нега и лична хигиена.

Нелт Лог ДООЕЛ – во ликвидација, со регистрирано седиште на Илинден бр.32 бр. 20, Скопје, кое било активно во логистика и,

Нелт Лине ДООЕЛ, со регистрирано седиште на Илинден бр.32 бр. 20, Скопје, кое е обезбедува патен сообраќај во земјата и странство.

Нелт Л.Л.Ц., припаѓа и работи во рамките на групацијата НЕЛТ. Друштвото е основано во 2016 година.

Нелт Л.Л.Ц е специјализирано за дистрибуција на стоки за широка потрошувачка и фармацевтски производи. Неговата мрежа снабдува над 2.000 продажни места со широко портфолио на познати меѓународни брендови.

Нелт Л.Л.Ц не генерира приходи во Северна Македонија и воопшто не е присутно во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или

на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**